**Република Македонија**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**С К О П Ј Е**

# ПОКАНА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ ПОНУДА

Договорниот орган: Министерството за финансии на Република Македонија, со седиште на ул: „Даме Груев", бр. 14 - Скопје, има потреба од набавка на мебел за потребите на Министерството за финансии, согласно со техничките спецификации од тендерската документација.

За таа цел, договорниот орган спроведува отворена постапка за доделување на договор за јавна набавка на стоки во согласност со член 64 и член 121, став 1 од Законот за јавните набавки ("Службен весник на Република Македонија", бр. 24/12, 15/13 148/13 и 160/13), за што објави оглас број 01/2014.

Ги покануваме заинтересираните економски оператори да ни доставаат понуда за горенаведениот предмет за јавна набавка најдоцна до **21.03.2014 година, до 12,00 часот,** по пошта на горенаведената адреса или лично со поднесување во писарницата на Министерството за финансии, на адреса ул. "Св.Кирил и Методиј", бр.54 - Скопје (поранешна НИП „Нова Македонија").

Кон оваа покана е приложена тендерска документација која ги содржи сите информации кои можат да помогнат за изработка на понудата. Тендерската документација се состои од следниве делови: инструкции за економските оператори, технички спецификации, модел на договор, образец на понуда, изјава за независна понуда и прилози.

Тендерската документација е достапна во електронска форма на веб страната: https://e-nabavki.gov.mk и секој заинтересиран економски оператор може да ја преземе бесплатно.

Тендерските документи се достапни на македонски јазик.

Лице за контакт во врска со предметот на набавката е Борис Настов, телефон за контакт: 3106-129, електронска адреса: **boris.nastov@finance.gov.mk.**

Евентуални прашања или барања на појаснувања во врска со тендерската документација можат да се доставуваат на електронската адреса на лицето за контакт најдоцна 6 (шест) дена пред крајниот рок за поднесување на понуди.

Сите одговори на поставените прашања или дадените појаснувања, без да се идентификува економскиот оператор што поставил прашање или побарал појаснување, ќе бидат доставени на сите економски оператори што презеле тендерска документација од **ЕСЈН.**

Отворањето на понудите ќе биде јавно и ќе се изврши на **21.03.2014 година,** во **12,00** часот, во просториите на Министерството за финансии на Република Македонија, со адреса на ул. „Св.Кирил и Методиј", бр.54 – Скопје (поранешна НИП "Нова Македонија"), I кат, во салата за состаноци.

Заедно со понудата **<u>за секој ДЕЛ поединечно</u>** задолжително се доставува банкарска гаранција на понудата во износ од 2% од вкупната вредност на понудата без вклучен данок на додадена вредност.

Благодариме за соработката.

**Скопје,**
**30.01.2014 година**

**Комисија за јавни набавки**
**Претседател,**
**Борис Настов**